ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2023 ГОДИНА НА
# ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2024 03 09/01

Скопје, мај 2025 година

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Државниот инспекторат за техничка инспекција за 2023 година.

Со извршената ревизија изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и неповолно мислење за усогласеноста на финансиските трансакции со законската регулатива, упатства и воспоставени политики за 2023 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Државниот инспекторат за техничка инспекција за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2023 година, ги утврдивме следниве состојби:

- слабости во начинот на спроведување на пописот на средствата и неизвршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба;
- правото за користење на деловниот објект не е запишано во катастарот на недвижностите и постои не усогласеност на податоците во финасиската со материјалната евиденција;
- планирањето на надзорите се врши без соодветна процена на ризик и мерење на степенот на ризиците согласно регулативата;
- слабости во начинот на вршење на инспекцискиот надзор, правилната примена на законите, подзаконските и други општи акти, за вршење на работите при експлоатацијата на минералните суровини и деталните геолошки истражувања;
- пропусти и не усогласености согласно законстата регулатива при пресметката и исплатата на платата на вработените;
- направени се расходи без поткрепувачка документација;
- не е воспоставена внатрешна ревизија, што укажува на не воспоставен механизам кој ќе обезбеди подобрување на работните процеси и зајакнување на внатрешните контроли и
- не целосно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки.

За надминување на утврдените состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот на континуитет во работењето известуваме за статусните промени кои треба да настанат за ДИТИ со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на законот за организација и работа на органите на државната управа донесен во јуни 2024 година, со кои измени ДИТИ треба да продолжи да работи како орган во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Во делот на нагласување на прашања известуваме за недостатокот на вработени во Одделенијата во состав на Секторите за инспекциски надзор поради пензионирање и заминување од работното место.

Во делот кој се однесува на слабостите на внатрешните контроли известуваме за не донесени пишани процедури со кои ќе се пропише процесот на прием, одобрување, евидентирање и плаќање на финансиските документи.

Од страна на законскиот застапник на Државниот инспекторат за техничка инспекција, доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани при што една забелешка е прифатена, една е делумно прифатена, дел од забелешките преставуваат известувања за причините за утврдените состојби и дел од забелешки не се прифатени поради не доставени дополнителни докази за промена на утврдените состојби.

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. | Основ за мислење со резерва за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. | Основ за  неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи | 5 |
| 4. | Континуитет во работењето | 13 |
| 5. | Нагласување на прашања | 14 |
| 6. | Законска основа за ревизијата и временски период | 15 |
| 7. | Опфат и ограничувања | 16 |
| 8. | Одговорност за финансиски извештаи | 16 |
| 9. | Одговорност на ревизорите | 16 |
| 10. | Недостатоци во внатрешната контрола | 18 |
| 11. | Одговор на ревидираниот субјект | 18 |
| Финансиски извештаи за 2023 година | | |
| Биланс на приходи и расходи | | 20 |
| Биланс на состојба | | 21 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | | 22 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | | |
| Вовед | | 23 |
| Сметководствени политики | | 25 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | | 27 |


ПРИЛОЗИ:
Прилог број 1 - Забелешки на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Државниот инспекторат за техничка инспекција
Прилог број 2 - Одговор на забелешки на Нацрт извештај

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| ДИТИ | Државен инспекторат за техничка инспекција |
| МЕ | Министерство за економија[1] |
| ЕСЈН | Електронски систем за јавни набавки |
| ЗИН | Закон за инспекциски надзор |
| ЗЈВФК | Закон за јавна внатрешна финансиска контрола |
| ЗЈН | Закон за јавни набавки |

[1] Министерство за економија и труд - Законот за изменување и дополнување на законот за организација и работа на органите на државната управа, Службен Весник на Република Северна Македонија број 121/24

Број:29-125/7
Дата: 21.05.25

## 1. Вовед

Државниот инспекторат за техничка инспекција, согласно Законот за техничката инспекција[2] е орган во состав на Министерството за економија со својство на правно лице.

ДИТИ врши инспекциски надзор над примената на законите и техничките прописи при користење на техничката опрема во следниве области: опрема под притисок, пренослива опрема под притисок, лифтови, жичари, дигалки и транспортери, производи и постројки наменети за работа во експлозивна атмосфера, електроенергетски постројки, електрични производи и уреди и експлоатација на минерални суровини. ДИТИ врши инспекциски надзор и над примената на законите и другите прописи при вршењето на геолошките истражувања и експлоатацијата на минералните суровини согласно со Законот за минералните суровини[3] и над спроведувањето на одредбите од Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност[4].

ДИТИ врши надзор и над преземените обврски на работодавачот во однос на пријавувањето на работникот и вклучувањето на работникот во задолжително социјално осигурување врз основа на работен однос.

Согласно Законот за изменување и дополнување на законот за организација и работа на органите на државната управа од јуни 2024 година, во рок од шест месеци, Државниот инспекторат за техничка инспекција продолжува да работи како Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини како орган во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, а вработените кои ги вршат работите што се однесуваат на лифтови, жичари, дигалки и транспортери се преземаат во Државниот пазарен инспекторат.

[2] „Службен весник на Република Македонија“ број 88/08...53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 99/22.
[3] „Службен весник на Република Македонија“ број 136/12...7/19 и Службен весник на Република Северна Македонија 253/23 и 147/24.
[4] „Службен весник на Република Македонија број 199/14 и 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 18/20.

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи на страна од 20 до 22 на Државен инспекторат за техничка инспекција, на сметката на основен буџет (637), за 2023 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Државен инспекторат за техничка инспекција за 2023 година на сметката на основен буџет (637) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.1. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државниот инспекторат за техничка инспекција на ден 31 декември 2023 година, на сметката на основен буџет (637), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи Државен инспекторат за техничка инспекција за 2023 година, на сметката на основен буџет (637), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за мислење со резерва за финансиските извештаи

3.1.1. За вршење на попис на средствата, обврските и побарувањата и усогласување на сметководствена со фактичката состојба од страна на директорот на ДИТИ донесено е решение[5]за формирање на комисија за попис. Со извршениот увид во сметководствената евиденција и начинот на извршениот попис со состојба на 31.12.2023 година, ги утврдивме следниве состојби:

- пописната комисија констатирала дека дел од опремата е стара и неупотреблива и во деловниот простор се наоѓа опрема која не е сметководствено евидентирана, а се користи, притоа не дала предлог листа за расходување на неупотребливата опрема, ниту листа на опрема утврдена како вишок. Наведеното не е во согласност со член 31-а од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници со кој е пропишано дека комисијата за попис има обврска да ги утврди материјалните разлики меѓу состојбата на утврдениот попис и сметководствената состојба и да изврши вредносно пресметување на утврдените материјални разлики;
- изготвен е извештај за извршениот попис, но не е донесен акт за усвојување од страна на одговорното лице и истиот не е доставен до лицето одговорно за водење на сметководството и на деловните книги со цел да се изврши усогласување на сметководствената со фактичката состојба, што не е во согласност со член 34 и 35 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и
- пресметката на амортизацијата на набавната вредност на опремата се врши почнувајќи од месецот кога е набавено средството, а не од првиот ден на наредниот месец откако тие средства почнале да се користат, како што е пропишано со член 19 став 2 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Неутврдените материјални и вредносни разлики на состојбите по попис и не извршеното усогласување на сметководствената со фактичката состојба, како и несоодветната пресметка на амортизацијата на материјалните средства има влијание на реалното и објективното искажување на податоците во билансот на состојба на 31.12.2023 година.

### Препорака

Одговорното лице да преземе мерки и активности за спроведување на попис на средствата и обврските и тоа:

---

[5] Број 04-2231/2 од 28.12.2023 година.

- пописната комисија за старата неупотреблива опрема, како и за не евидентираната опрема да изготвува предлог листи за расходување и за вишок на опрема;
- по изготвување на извештајот од извршениот попис со прилог предлози, да се донесе акт од одговорното лице и истиот да се достави до одговорното лице за водење на сметководството и деловните книги за еведентирање на разликите и усогласување на сметководствената со фактичката состојба и
- пресметката на амортизацијата на набавната вредност на опремата, да се врши почнувајќи од првиот ден на наредниот месец.

3.1.2. Со извршениот увид во деловните книги, сметководствените документи, обработката на податоците и билансните позиции на постојаните средства со состојба на 31.12.2023 година искажани со сегашна вредност од 39.388 илјади денари, ги утврдивме следните состојби:

- постои неусогласеност на податоците на постојаните средства и изворите на средства (државен јавен капитал) искажани во билансот на состојба за 2022 и евидентираните почетни состојби во деловните книги во 2023 година, односно почетните состојби за овие позиции во 2023 година во деловните книги се искажани во помал износ за 6.841 илјада денари во однос на искажаната вредност на истите во годишната сметка за 2022 година. Наведеното влијае на реалноста и објективноста на искажаните почетни состојби на постојаните средства во билансот на состојба;
- постои разлика помеѓу податоците на вредноста на опремата во материјалната евиденција во однос на финансиската евиденција, односно сегашната вредност на основните средства во материјалната евиденција е искажана во помал износ за 1.076 илјади денари во однос на вредноста искажана во сметководствената евиденција;
- во финансиската евиденција евидентиран е градежен објект со вредност од 53.677 илјади денари, кој се однесува на објектот во кој е сместен ДИТИ, кој не е внесен во материјална евиденција. Истиот е добиен со Одлука на Владата[6] со право на користење на ДИТИ и за истиот не е запишано правото за користење во катастарот на недвижностите;
- не е евидентирано (едно) службено возило;[7]

---

[6] Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на ДИТИ број 42-8278/1 од 01.09.2015 година.

[7] Од вкупно 14 со кои располага ДИТИ, од кои 7 возила се набавени/добиени во изминатиот период, а 7 се добиени со Одлука за престанок на трајно користење на движни ствари од МЕ број 42-4344/1 од 04.07.2014 година.

- добиени се мобилни апарати како субвенции од операторот со кој е склучен договор за мобилна телефонија со проценета вредност во вкупен износ од 450 илјади денари. За добиените апарати изработени се реверси за задолжување по лица но истите не се евидентирани во деловните книги на ДИТИ.

Наведените состојби не се во согласност со одредбите од член 6 став 2, член 7 став 2 и член 8 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници со кои е уреден начинот на обезбедување на евиденциите при што податоците регистрирани во деловните книги треба да бидат целосни, комплетни и навремени, како и начинот на водење на книгата на капиталниот имот и истото влијаена реалното и објективно искажување на позициите во билансот на состојба на 31.12.2023 година.

Препорака

Одговорното лице да преземе мерки и активности за:

- усогласување на податоците на постојани средства и државниот јавен капитал во деловните книги и билансот на состојба, како и податоците во финансиската со материјалната евиденција;
- да се изврши запишување на објектот добиен со право на трајно користење во катастарот на недвижности и негово евидентирање во материјалната евиденција и
- навремено и хронолошко сметководствено евидентирање на ново набавените или на друг начин добиените средства.

## 3.2. Основ за неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Со увид во документацијата за донесување на годишниот план за работа на ДИТИ , начинот на избор на субјекти за инспекциски надзор, начинот на евиденција на извршените контроли и известување на Инспекцискиот совет ревизијата утврди дека врз основа на годишниот план за работа, инспекцискиот надзор се спроведува во согласност со месечен план за работа на секој инспектор, со кој се врши инспекциски надзор над примената на законите и техничките прописи при користење на техничката опрема и над примената на законите и другите прописи при вршењето на геолошките истражувања и експлоатацијата на минералните суровини. Инспекцискиот надзор треба да се заснова на проценка на ризик и да се спроведува според Методологијата[8], како што предвидува член 18 став 1 алинеја 4 од ЗИН, со која се пропишува начинот на проценка на ризик и мерењето на степенот на ризиците кои има можност да се јават кај субјектите на надзор. Анализата на ризици треба да биде изработена имајќи ги во предвид големината на субјектите предмет на инспекциски надзор групирани според степенот на ризик, елементите за проценка на ризикот

[8] Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори бр.07-1153/1 од 15.10.2020;

(тежината на штетните последици и веројатноста за случување на штетни последици), како и зачестеноста на спроведувањето на инспекцискиот надзор врз основа на проценката на ризик[9]. Секој од утврдените ризици се мери според утврдени критериуми и индикатори, за кој се доделува определен број на бодови.

Во изработката на годишниот план за работа за 2023 година, Метологијата се применува делумно односно нецелосно при планирање на инспекциските надзори. Имено, при изготвување на анализата на ризикот субјектите од областа на експлоатација на минерални суровини и техничка опрема се рангирани во три групи на ризик, но без притоа целосно да се запази методологијата и да се бодуваат сите елементи за проценка на ризик[10] според утврдените критериуми, елементи и индикатори, без податоци за година на претходно извршен надзор, податок дали станува збор за нов или постоечки субјект, ниту е извршено финално бодување од кое ќе се заклучи начинот на избор за вклучување на субјектите во годишниот план за работа.

Наведените состојби влијаат планирањето на надзорите да се врши без идентификување на специфичните елементи за процена на ризик и мерење на степенот на ризиците со цел ефективно и рационално планирање на обемот на зачестеноста на надзорот над концесионерите за постигнување на максимални ефекти во спречување на неправилностите и минимизирање на штетите.

Препорака

Одговорното лице да преземе мерки и активности изготвувањето на годишните планови за работа да се заснова на методологијата за проценка на ризик.

3.2.2. Ревизијата изврши увид во надлежноста и начинот на вршење на инспекциски надзори од страна на Секторот за надзор над експлоатацијата на минералните суровини и деталните геолошки истражувања и Секторот за надзор на техничката опрема во ДИТИ при што утврди дека бројот на инспекциски надзори бележи тренд на зголемување, освен за 2023 година и тоа: 455 надзори во 2020 година, 608 во 2021 година, 734 во 2022 годна и 717 надзори во 2023 година, прикажано на графиконот што следи:

---

[9] Зачестеноста на надзорот е предвидено да се спроведува во зависност од степенот на ризик и тоа при: висок степен на ризик - најмалку еден инспекциски надзор годишно, среден степен - најмалку еден инспекциски надзор во две години и низок степен - најмалку еден инспекциски надзор во три години;
[10] тежина на штетни последици и веројатноста за случување на штетните последици.

**Графикон број 1 –** Вкупен број на извршени инспекциски надзори над експлоатација на минерални суровини и техничка опрема во период 2020 - 2023 година




Согласно член 69 од ЗИН редовен инспекциски надзор е инспекциски надзор врз спроведувањето на соодветните закони и прописите и се врши според однапред предвиден распоред во годишниот план. Вонредниот инспекциски надзор се врши согласно член 71, по службена должност или врз основа на иницијатива поднесена од физички или правни лица. Согласно член 76, контролниот инспекциски надзор е инспекциски надзор кој се врши по службена должност со цел инспекторот да утврди дали субјектот предмет на инспекцискиот надзор постапил по истекот на рокот определен во решението при претходно извршен редовен или вонреден инспекциски надзор.

Согласно доставените податоци од страна на ДИТИ за издадени решенија со констатирани неправилности и изречени мерки по спроведените контролни надзори за периодот од 2020 до 2023 година, од вкупно издадени 176 решенија со утврдени неправилности биле спроведени 141 контролни надзори, од кои Секторот за надзор над експлоатацијата на минералните суровини од 130 издадени решенија извршил 116 контролни надзори или 89% а Секторот за надзор на техничката опрема од 46 издадени решенија извршил 25 контролни надзори или 54%.

Со извршениот увид во презентираните предмети од извршените инспекциски надзори и издадените решенија ревизијата утврди состојби кои се различни од податоците доставени од страна на ДИТИ и тоа:

- Секторот за надзор над експлоатацијата на минералните суровини и деталните геолошки истражувања од издадени 130 решенија со утврдени неправилности во периодот од 2020 до2023 година извршил само 44 контролни надзори или 34% и

- Секторот за надзор на техничката опрема од издадени 46 решенија со утврдени неправилности во периодот од 2020 до2023 година извршил само 14 контролни надзори или 30%. Потребно е да истакнеме дека за 2020, 2021 и 2022 година на ревизијата не и се презентирани предмети со извршени контролни надзори.

Горенаведените состојби не се во согласност со член 76 од ЗИН согласно кој контролниот инспекциски надзор треба да се врши со цел да се провери дали субјектите постапиле по донесениот испекциски акт - решение, во целост, делумно или не постапиле и претставува основа за испекциска мерка согласно закони не е во функција на подобрување на утврдените неправилности од страна на инспекторатот.

Табела број 1 - Преглед на презентирани контролни надзори по издадени Решенија за периодот 2020 - 2023 година

| Година | Минерални суровини и геолошки истражувања | | Техничка опрема | | презентирани контролни надзори по издадени Решенија | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Издадени Решенија за утврдени неправилност и | Спроведени контролни надзори по издадени Решенија | Издадени Решенија за утврдени неправилности | Спроведени контролни надзори по издадени Решенија | Минерални суровини и геолошки истражувања | Техничк а опрема |
| 2020 | 25 | 19 | 2 | 4 | 15 | 0 |
| 2021 | 48 | 42 | 14 | 5 | 8 | 0 |
| 2022 | 27 | 26 | 12 | 14 | 12 | 0 |
| 2023 | 30 | 29 | 18 | 2 | 9 | 14 |
| Вкупно: | 130 | 116 | 46 | 25 | 44 | 14 |

Дополнително утврдени се и следните состојби:

- во поголем дел од предметите недостасува доказ дека редовниот инспекциски надзор се најавува со доставување на писмено известување до субјектот на инспекциски надзор за времето и обемот на инспекцискиот надзор, што не е во согласност со член 69 од ЗИН;
- дел од решенијата со издадени опомени се изготвени после законски утврдениот рок односно решенијата треба да се донесат веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на изготвувањето на записникот, што не е во согласност со член 83 став 4 од ЗИН;
- кај 12 предмети контролниот надзор е извршен со доцнење односно по рокот утврден за отстранување на неправилностите и недостатоците во решението со издадени опомени, што не е во согласност со член 83 став 1 од ЗИН;

- кај 3 предмети контролните записници не се потпишани од субјектот кај кого е извршен инспекцискиот надзор, што не во согласност со член 82 став 2 од ЗИН и во истите не се наведени причините поради кои не се потпишани записниците;
- кај 15 предмети недостасуваат контролни записници како доказ дека е извршен инспекциски надзор со цел да се потврди дали субјектот ги отстранил утврдените неправилности, што не е во согласност со член 76 од ЗИН.
- согласно член 18 и 36 од ЗИН, ДИТИ води регистар на извршени инспекциски надзори (образец – регистар -РЕГ 6), кој не дава реална слика за состојбата на извршени инспекциски надзори односно вкупниот број на надзори според податоците во регистарот е поголем. Имено, инспекциските надзори се спроведуваат во присуство на двајца инспектори, кои изготвуваат еден записник, кој во регистарот се внесува два пати, односно за секој присутен инспектор поединечно. На ваков начин, вкупниот број на реализирани инспекциски надзори над експлоатација на минерални суровини и техничка опрема за 2023 година заведен во регистарот не е реален и изнесува 1.174, додека според податоците евидентирани во деловодникот изнесуваат 770 надзори а во Полугодишните извештаи за работа на ДИТИ за 2023 година доставени до Инспекцискиот совет бројот изнесува 926 надзори.

Наведените состојби имаат влијание врз квалитетниот начин на вршење на инспекцискиот надзор, правилната примена на законите, подзаконските и други општи акти, како и над пропишаните стандарди и технички нормативи за вршење на работите при експлоатацијата на минералните суровини и деталните геолошки истражувања.

Државниот завод за ревизија има извршено ревизија на успешност на тема: „Ефикасност на постапките за доделување на правото на вршење на експлотација на минерални суровини и реализација на склучените договори, со посебен осврт на мермерот“ број 22-311/9 од 15.04.2024 година. Во извештајот [11] истакнати се утврдени состојби кои се однесуваат на работењето и надлежноста на Државниот инспекторат за техничка инспекција, состојби кои не се надминати. Од доставеното известување за преземени препораки по овој извештај[12] од осум дадени препораки само две препораки се спроведени, четири препораки се во тек на спроведување и две препораки не се спроведени.

[11] од страна 59 до 71
[12] Заведени во Државниот завод за ревизија број 22-702/1 од 23.07.2024 година.

Препорака

Одговорното лице да преземе мерки и активности за:

- изработка и соодветно одложување на документатијата за најавување на редовниот инспекциски надзор со доставување на писмено известување до субјектот на инспекциски надзор;
- изработените Решенија со опомена и Контролните записници да се изготвуваат и спроведуваат во законски предвидениот рок;
- редовно и навремено да се врши контролен инспекциски надзор по издадените решенија со изречени мерки;
- целосно комплетирање и чување на предметите по извршен инспекциски надзор и
- изнаоѓање на соодветен начинот за внесување на податоците во регистарот на извршени инспекциски надзори за точно претставување на бројот за инспекциски надзори без нивно дуплирање.

3.2.3.Согласно член 64 точка 5 од Законот за минерални суровини заради правилна експлоатацијата на минерални суровини концесионерот е должен да врши геодетско снимање или рударски мерења, еднаш годишно во периодот од 15 септември до 15 декември во тековната година и да изготви геодетски елаборат со пресметка на откопаните количини на минерални суровини, во кој прецизно ќе се дефинираат количините на откопаната количина на минерални суровини. Концесионерот најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година геодетскиот елаборат треба да го достави до МЕ и ДИТИ. Геодетското снимање го вршат трговци поединци - овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи кои ги исполнуваат условите согласно Законот за катастар на недвижности.

При изведување на рударските работи за експлоатација на минерални суровини концесионерот е должен да води евиденција на произведените количини во пишана форма, на дневна основа. Притоа, геодетското снимање на годишно ниво е во насока да се потврдат или корегираат ископаните количини.

На ревизијата презентирани се табели во периодот од 2021 до 2024 година во кои Секторот за минерални суровини ги евидентира сите концесионери по назив на локалитет кои доставиле геодетски елаборат[13]. Утврдивме дека ДИТИ не води евиденција ниту има преземено мерки за координација со Министерството за економија[14] за преземање на конкретни активности (испраќање на опомени) кон концесионерите кои не доставиле геодетски елаборати, освен кога во случај со инспекциоскиот надзор се утврди дека трговецот/субјектот не доставил, тогаш од страна на инспекторот му се изрекува глоба. Согласно член 124 од Законот за

[13] Во 2023 година доставиле геодетски елаборати концесионери на: неметали 167, украсен камен 37, метали 6, енергетски минерални суровини 4, техногени минерали 1 или вкупно 215 од вкупно околу 330 концесионери.

[14] Министерство за економија и труд

минерални суровини не извршеното геодетско мерење и не доставувањето на известување во горенаведениот рок и начин претставува прекршок за кој се изрекува глоба која во зависност од големината на трговецот се движи од 1.500 до 30.000 евра.
Наведената состојба влијае на квалитетот и начинот на вршење на инспекциски надзор и контрола над екплотацијата на минералните суровини како и на средствата наплатени по основ на глоба во Буџетот.

Препорака
Одговорното лице да преземе мерки и активности за соодветно постапување согласно закон и изрекување на глоба кон концесионерите кои не ја почитуваат законската одредба и не доставиле геодетски елаборати.

3.2.4.Со увид во функционалноста на софтверско решение што се користи за пресметка на бруто плата на вработените во ДИТИ, утврдивме дека истото не обезбедува јасни и прецизни податоци за вредносните елементи и бодовите, како за елементите од основната компонента на платата (минимална плата, дел на плата за степен на образование, дел на плата за ниво и дел на плата за стаж) така и за елементите од исклучителна компонента на платата (додаток на плата за посебни услови за работа, додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот и додаток на плата за ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа), согласно законската регулатива со која е пропишан начинот на пресметување на бруто платата. Месечните исплатни листи кои се доставуваат до вработените не ги прикажуваат реално и одделно сите елементи поради што не е овозможена јасна и целосна проверка на пресметаната и исплатената плата. Имено, со увид во документацијата за исплата на плата (досие на вработени, исплатни листи), како и доставената база за плати на вработените во ДИТИ утврдивме дека постои неусогласеност помеѓу бодовите за ниво на основната компонента на плата содржани во решенијата за утврдување на платата на административните службеници, исплатните листи и податоците внесени во апликативното софтверско решение за пресметка на плата, пропишани со член 85, 86 и 87 од Законот за административни службеници. Исто така од исплатните листи не може да се провери како е утврден износот на додаток за кариера за дел од вработените кои го имаат остварено овој додаток.
Горе наведеното создава услови за грешки при исплатата на пресметката на платата на вработените.

Препорака
Одговорното лице да преземе мерки и активности за усогласување на софтверско решение за пресметката на бруто платата на вработените со решенијата за плата на вработените согласно Законот за административни службеници.

3.2.5.На позицијата Стоки и услуги -одржување на зградата исплатени се расходи во вкупен износ од 385 илјади денари кои не се поткрепени со комплетна и веродостојна сметководствена документација односно без приложен работен налог или испратница како доказ за реално направените расходи.
Ваквиот начин на комплетирање и исплата на расходите не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, со кој е пропишано дека внесувањето на податоците во деловните книги треба да се заснова на веродостојни, вистинити и уредни документи и создава можност од ненаменско и незаконско користење на средствата.

Препорака
Одговорното лице да преземе мерки и активности признавањето на расходите да се врши врз основа на веродостојна и комплетна документација, фактурите да бидат поткрепени со: испратници, работни налози или извештаи.

3.2.6. ДИТИ нема основано Единица за внатрешна ревизија, ниту пак истата е предвидена со Актот за систематизација на работните места што не е во согласност со одредбите на член 30 од ЗЈВФК. За известувачкиот период, ДИТИ располага со две сметки на кои во 2023 година има остварено вкупен приход од 31.283 илјади денари, што упатува на потребата од формирање на Единицата за внатрешна ревизија со најмалку еден внатрешен ревизор и раководител. Поради невоспоставена внатрешна ревизија, раководството нема доволно информации за постоење и функционирање на внатрешните контроли, за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти. Формирањето на единица за внатрешна ревизија со новиот Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор е уредена во член 31 и 32.
Ревизијата не дава препорака од причини што ДИТИ од 01.01.2025 година продолжува да работи како Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини како орган во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Јавни набавки

3.2.7.Извршивме ревизија на процесот на планирање на јавните набавки, подготвувањето на тендерската документација, доделување на договори за јавни набавки спроведени во износ од 4.203 илјади денари, со детални тестирања на 4 (четири) постапки за јавни набавки спроведени во 2022 и 2023 година за кои склучени се договори во вредност од 3.241 илјади денари или 77% од вкупно доделените

договори за јавни набавки со реализација во 2023 година во износ од 1.114 илјади денари, при што го утврдивме следното:

- Раководителот на одделението за инспекциски надзор над експлоатација на минерални суровини и геолошки истражувања е назначен за лице надлежно за спроведување на јавните набавки, иако во описот на работни задачи на неговото работно место во Правилникот за систематизација не се предвидени овие активности, а лицето нема положен испит за лице за јавни набавки, што не е во согласност со член 80 од ЗЈН;
- кај три постапки, Изјавата за судир на интерес не е потпишана од сите членови на комисијата, што не е во согласност со член 38 од ЗЈН;
- кај три постапки, Одлуките за јавна набавка не содржат образложение на потребата од набавката што не е во согалснот со член 77 од ЗЈН;
- со увид во електронските досиеја на ЕСЈН кај три постапки договорниот орган не го објавил поедноставеното известување за склучен договор на ЕСЈН во рок од десет дена по склучувањето на договорот, што не е во согласност со член 70 став 2 од ЗЈН;
- кај три постапки договорниот орган не пополнил Известување за реализиран договор во ЕСЈН во рок од десет дена од денот на целосната реализација на договорот, што не е во согласност со член 70 став 8 од ЗЈН.

Воспоставениот начин на постапување при спроведувањето на постапките за јавни набавки влијае на транспарентноста и конкуренцијата помеѓу економските оператори и упатува на не целосна примена на одредбите од ЗЈН.

Препорака

Одговорното лице на ДИТИ да ги преземе следните активности:

- членовите и заменици членови во комисиите за јавни набавки да потпишуваат изјави за непостоење судир на интереси и
- навремено доставување на поедноставено известување за склучен договор и реализиран договор во ЕСЈН.

## 4. Континуитет во работењето

4.1. Во врска со понатамошното работење на ДИТИ имаме обврска да истакнеме дека на 10.06.2024 година донесен е Закон за изменување и дополнување на законот за организација и работа на органите на државната управа, објавен во Службен весник на Република Северна Македонија број 121 од 2024 година. Во член 28 точка 10 е пропишано дека Државниот инспекторат за техничка инспекција продолжува да работи како Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини како орган во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини. Согласно член 30 од истиот закон утврдено е дека државните органи се должни во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон да ги

усогласат посебните закони со кои се уредуваат основањето, работите, надлежностите и другите општи акти од своја надлежност. Во периодот на вршење на ревизијата Буџетот на ДИТИ за 2025 година е изработен во рамките на разделот на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини како посебна програма. Во периодот на известување од ревизијата, од надлежното министерство се преземани активности за изменување и дополнување на Законот за техничка инспекција и усогласување на правилникот за систематизација за вклучување на инспекторатот кон министерството.

## 5. Нагласување на прашања

5.1. Согласно Правилникот за организација и работа на ДИТИ за извршување на работите и задачите утврдени со закон, предвидени се три сектори со одделенија во нивниот состав и две посебни одделенија и тоа:

- одделение за управување со човечки ресурси;
- одделение за финансиски прашања;
- сектор за инспекциски надзор над експлоатацијата на минерални суровини и геолошки истражувања со четири одделенија15;
- сектор за инспекциски надзор над техничка опрема, исто така со четири одделенија16 и
- сектор за правно - административни и општи работи со две одделенија.

Согласно Правилникот за систематизација на работните места[17] во:

- секторот за правно-административни и општи работи се предвидени вкупно 8 работни места од кои заклучно со 31.12.2023 година пополнети се 4 работни места односно 50%. Ревизијата истакнува дека во текот на 2023 година во овој сектор се ангажирани 3 лица под договор за дело, со што пополнетоста на секторот била околу 88% од предвидените работни места;
- секторот за инспекциски надзор над експлоатацијата на минерални суровини и геолошки истражувања се предвидени вкупно 18 работни места, од кои 16 работни места за инспектори и 2 работни места за административни

[15] Одделение за вршење на инспекциски надзор над експлоатацијата на минералните суровини и геолошките истражувања, 2 одделенија за инспекциски надзор над експлоатација на минерални суровини и геолошки истражувања за регион Штип и реон Тетово и одделение за вршење на инспекциски надзор на рударска техничка опрема.

[16] Одделение за инспекциски надзор на опрема под притисок, Одделение за инспекциски надзор на електро енергетски постројки, производи и уреди и производи и постројки намнети за работа во експлозивна атмосфера, Одделение за инспекциски надзор на електро енергетски постројки, производи и уреди и производи и постројки намнети за работа во експлозивна атмосфера за регион Штип и Тетово и одделение за инспекциски надзор на лифтови, жичари, дигалки и транспортери.

[17] Правилник за систематизација на работните места бр.01-285/1 од 07.02.2020 година, Правилници за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места бр. 01-718/2 од 11.05.2021 ги број 01-736/1 од 21.03.2023 година.

службеници, а заклучно со 31.12.2023 година пополнети се 9 работни места од нив 8 инспектори и еден административен службеник, односно околу 50% од предвидените работни места за инспектори. Во 2024 година бројот на инспектори е намален поради пензионирање на еден инспектор;

- секторот за инспекциски надзор над техничка опрема се предвидени вкупно 16 работни места за инспектори од кои заклучно со 31.12.2023 година пополнети се 8 работни места односно 50% од предвидените. Во 2024 година бројот на инспектори намален поради именување за член на еден инспектор во регулаторно тело.

Одделенијата во состав на Секторите за инспекциски надзор се соочуваат со значителен недостаток на кадар, поради пензионирање и заминување од работното место, но и непотполнети работни места.

Согласно член 12 од Законот техничката инспекција, државен технички инспектор може да биде лице кое има висока стручна подготовка од областа на машинството, електротехниката, хемиското инженерство, физиката, технологијата, рударството, геологијата, правото и економијата. Со анализа на видот на образованието на вработените во секторите за инспекциски надзор утврдивме дека до периодот на известување од ревизијата во:

- секторот за инспекциски надзор над експлоатацијата на минерални суровини и геолошки истражувања вработени се по двајца инспектори со рударски и правен факултет и по еден со геолошки, економиски и машински факултет;
- сектор за инспекциски надзор над техничка опрема вработени се тројца инспектори со економиски, по двајца инспектори со правен и машински факултет и еден елктротехнички факултет.

Имајќи во предвид дека станува збор за специфични дејности кои се предмет на инспекциски надзор, засновани на обемна и стручна законска регулатива за која се неопходни потребни знаења, вештини и искуство за вршење на квалитетен и сеопфатен надзор, не соодветното образование може да влијае на квалитетот и стручноста во вршењето на инспекцискиот надзор.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 02.12.2024 до 20.01.2025 година, кај Државниот инспекторат за техничка инспекција - Скопје од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија не е извршена ревизија, ниту е издаден извештај за годините кои и претходат на годината што е предмет на ревизија.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничување во опфатот на ревизијата.

## 8. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот Државен инспекторат за техничка инспекција, застапувано од:

- Блерим Укали, в.д. директор од 19.04.2022 до 10.09.2024 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешната контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ,

можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на ДИТИ, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

## 10. Недостатоци во внатрешната контрола

10.1. При оценка на системот на внатрешни контроли кај процесот на плаќање а со цел да се утврди дали истиот е дизајниран и функционира согласно ЗЈВФК и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор го утврдивме следното:

- не е воспоставен ефикасен систем на внатрешни контроли и донесување на пишани процедури за работа како што е предвидено во член 7 од ЗЈВФК со кои ќе бидат опфатени: текот на движење на документацијата за безготовинско (фактури) и готовинско плаќање (во благајната) со утврдени должности и одговорности на лицата вклучени во процесот;
- финансиските и оперативните елементи на секоја активност не се верификуваат и потврдуваат од две меѓусебно независни лица, (систем на двоен потпис) како што е предвидено со член 16 од ЗЈВФК;
- не е назначен одговорен сметководител согласно со член 16 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и
- не е воспоставена ex-post контрола, која треба да обезбеди финансиските трансакции, расходите или приходите да бидат проверени, откако трансакциите ќе бидат целосно завршени што создава ризикот од неоткривање и отстранување на неправилности на внатрешните контроли и подобрување на процедурите согласно член 21 од ЗЈВФК.

Не воспоставениот систем на внатрешни контроли создава ризик во деловните книги да се евидентираат финансиските трансакции кои не се темелат на веродостојна сметководствена документација и да не се целосно, точно, прецизно и ажурно евидентирани.

Начинот на воспоставување на финансиско управување и контрола е пропишан во член 8 од Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор. Ревизијата не дава препорака од причини што ДИТИ од 01.01.2025 година продолжува да работи како Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини како орган во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

## 11. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Државен инспекторат за техничка инспекција - Скопје одржан на ден 07.02.2025 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Државниот инспекторат за техничка инспекција од страна на директорот на Државниот инспекторат за техничка инспекција број 03-100/1 од 02.05.2025 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29-125/6 од 05.05.2025 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

- Забелешките на точката 3.1.1., 3.1.2, 3.2.2 алинеја 4 и 5 и 3.2.6. преставуваат известувања во врска со причините за утврдените состојби кои ревизијата ги имаше во предвид во текот на ревизијата како и преземање на активности во идниот период за надминување на состојбите;
- Забелешката на точката 3.2.1. делумно се прифаќа поради доставени дополнителни докази кои за време на ревизијата не и беа доставени;
- Забелешката на точката 3.2.5. алинеја 1, се прифаќа поради доставени дополнителни докази кои за време на ревизијата не беа доставени и
- Забелешките на точките 3.2.2 алинеи 1, 3 и 6, 3.2.3, 3.2.4, 3.2.5. алинеја 2, и 3.2.7. алинеја 2 и 4 не се прифаќаат од причина што не се доставени дополнителни докази со кои ќе се оспорат утврдените состојби а дадените образложенија ревизијата го имаше во предвид во текот на ревизијата.

Забелешките и одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА

Сметка на основен буџет (637)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2023 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| Приходи | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 22.685 | 21.021 |
| Вкупно приходи | | 22.685 | 21.021 |
| Расходи | | | |
| Тековни расходи | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 18.616 | 16.747 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 3.816 | 3.923 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 34 | 347 |
| Вкупно тековни расходи | | 22.466 | 21.017 |
| Капитални расходи | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 219 | 4 |
| Вкупно капитални расходи | | 219 | 4 |
| Вкупно расходи | | 22.685 | 21.021 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 16 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 1.649 | 1.351 |
| **Вкупно тековни средства** | | 1.665 | 1.351 |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 39.388 | 41.086 |
| **Вкупно постојани средства** | | 39.388 | 41.086 |
| **Вкупна актива** | | 41.053 | 42.437 |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.1. | 47 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 1.602 | 1.351 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 16 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | 1.665 | 1.351 |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | | 39.388 | 41.086 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | 39.388 | 41.086 |
| **Вкупна пасива** | | 41.053 | 42.437 |

| | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| О П И С | Државен јавен капитал | ВКУПНО ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА И РЕВАЛ.РЕЗЕРВА |
| 1 | 2 | 3 |
| Состојба и промени на капиталот и резервите | | |
| Состојба на ден 01 јануари 2023 | 41.086 | 41.086 |
| Зголемувања: | | 0 |
| Набавка на постојани средства | 219 | 219 |
| | | |
| Намалувања: | | |
| Амортизација на постојани средства | 1.917 | 1.917 |
| Состојба на ден 31. декември 2023 | 39.388 | 39.388 |

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ
Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини

~~УП1~~ Арх. Број:_ 03 - 100/1
Датум:02.05. 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar më: 05.05.2025
Орг. Един. / Nj. org. | Број / Nr. | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Viera:
29-125/6

До: Државен завод за ревизија
ул. „Павел Шатев“ бр. 2
Палата „Емануел Чучков“
1000 Скопје

**Предмет: Забелешки по нацрт извештајот за извршена ревизија нафинансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини (Државниот инспекторат за техничка инспекција) сметка на основен буџет (631) - одделение за еклоатација на минерални суровини и одделение за рударско техничка опрема:**

Почитувани , Во однос на наводот од точка 3.1.

-Наведеното во однос на издавање на Решенија со непотполна документација во целост не е точен во однос на Правилникот за користење на рударска техничка опрема и Законот за енергетика, рударсво и минерални суровини во целост не е точен, имено Решение за ставање во употреба се издава само при прво ставање во употреба и тоа е трајно и се однесува на секоја техничка опрема поединечно. Сите досегашни издадени решенија ја имаат соодветната документација која се бара согласно со член 30 од Законот за државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини, досега се издадено вкупно 4030 (четри илјади и триесет) решенија и истите се наоѓаат во архивата на ДИЕРМС. Согласно со законот за ДИЕРМС член 33 при секој следен законски предвиден периодичен технички преглед не се издава решение за ставање во употреба, корисникот на опремата е должен да достави известување дека е извршен техничкиот преглед, кое известување задолжително го содржи новиот извршен периодичен технички преглед и уплатница за платен надоместок, а во однос на останатата документација како изјави, распоред и сл. ако недостасува некоја од наведените изјави – што е редок случај од наша страна се прифаќа веќе доставената при поднесувањето на Барањето за ставање во употреба на техничка опрема бидејќи таа веќе се наоѓа во нашата архива и не се разликува со периодот на доставувањето на извештајот за извршен периодичен технички преглед. Во однос на решенијата кои се издадени а кои се однесуваат на лифтови и транспортери, согласно со измените во ЗОРОДУ одделението за лифтови, жичари и транспортери работи во склоп на Државниот пазарен инспекторат, и по таа забелешка неможеме да коментираме.


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Државен инспекторат за енергетика,
Ул. Јуриј Гагарин Бр.15, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 289
www.diti.gov.mk

-Наведеното во однос на издавање на Решенија со непотполна документација во целост не е точен во однос на Правилниците за користење на лифтови, жичари, дигалки и транспортери, и Законот за техничка инспекција (Законот за државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини), во целост не е точен, имено Решение за ставање во употреба се издава само при прво ставање во употреба и тоа е трајно и се однесува на секоја техничка опрема поединечно, каде основа за безбедност и финансии и целосност на приходите е технички извештај за извршен технички преглед и уплатница, кои се во целост во сите предмети сотавен дел на предметот. Сите досегашни издадени решенија ја имаат соодветната документација која се бара согласно со член 30 и 33 од Законот за техничка инспекција (Законот за државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини), досега се издадено вкупно 7116 (седум илјади сто и шеснаесет) решенија и одлуки и истите се наоѓаат во архивата на ДИЕРМС. Согласно со законот за ДИЕРМС член 33 при секој следен законски предвиден периодичен технички преглед не се издава решение за ставање во употреба, корисникот на опремата е должен да достави известување дека е извршен техничкиот преглед, кое известување задолжително го содржи новиот извршен периодичен технички преглед и уплатница за платен надоместок, а во однос на останатата документација како изјави, распоред и сл. (кој распоред е и запишан во секој технички извештај) ако недостасува некоја од наведените изјави – што е редок случај од наша страна се прифаќа веќе доставената при поднесувањето на Барањето за ставање во употреба на техничка опрема бидејќи таа веќе се наоѓа во нашата архива и не се разликува со периодот на доставувањето на извештајот за извршен периодичен технички преглед. Уште еднаш нагласуваме дека Решение за ставање во употреба се издава само при прво ставање во употреба и тоа е трајно и се однесува на секоја техничка опрема поединечно, каде основа за безбедност и финансии и целосност на приходите е технички извештај за извршен технички преглед и уплатница. Следствено, целосноста на приходите по овој основ не може да биде доведена во прашање.



Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Државен инспекторат за енергетика,
Ул. Јуриј Гагарин Бр.15, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 289
www.diti.gov.mk

**сметка на основен буџет (637) - одделение за еклоатација на минерални суровини и одделение за рударско техничка опрема:**

- <u>Во однос на наводот од точка 3.1.1.</u>

Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини работи како орган во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини согласно со измените на ЗОРОДУ, така да во целост е во склоп на Министерството без својство на правно лице и во однос на препораката која е дадена во ревизискиот извештајот ќе доставиме известување до Министерството за надминување на констатираните забелешки.

- <u>Во однос на наводот од точка 3.1.2.</u>

Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини работи како орган во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини согласно со измените на ЗОРОДУ, така да во целост е во склоп на Министерството без својство на правно лице и во однос на препораката која е дадена во ревизискиот извештајот ќе доставиме известување до Министерството за надминување на констатираните забелешки.

- <u>Во однос на наводот од точка 3.2.</u>

Во однос на забелешката дека немаме добиено согласност за прифаќање на Методологијата за проценка на ризик при планирање на иснепкцискиот надзор при самата ревизија Ви кажавме дека методологијата за проценка на ризик е изготвена испратена до Инспекциски совет на дата 20-10-2020 г со архивски број од ДИТИ 07-1153/1 ( кое Ви го доставуваме во прилог на писмото) и по неа е добиено соодветно позитивно мислење за усогласенот од страна на инспекцикиот совет и тоа е со број 10-831/3 од 22.10.2020 година( кое Ви го доставуваме во прилог на писмото), а мислење физички во оргигинал не го најдовме заради тоа што се работи за документ кој е добиен пред скоро 5 години и согласно со правилникот за листа на архивска граѓа со рокови на нејзино чување, рокот за чување на овој документ е 1 година, мислењето е заведено во деловодникот, и поништено, прилог извадок од деловодната книга за 2020 година.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 470 Д | | | | | | | |
| 1153<br>Пренос/ Bartje | Достава на Методологија за проценка на ризици - заклучок | 1 | 21/10 | Инспекциски совет | с.н. | 07 | 31 12 20 | 0707 1 г. |
| | | 2 | 28/10 | Инспекциски совет | 10-831/3 22.10.20 | 07 | | |
| 1154<br>Пренос/ | Изв. за тех преглед на | 1 | 22/10 | Проценка Скопје | 0302157/20 22.10.20 | 10 | | |

Но во прилог на писмото Ви испраќаме дигитална копија од Методологијата за проценка на ризик.


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Државен инспекторат за енергетика,
Ул. Јуриј Гагарин Бр.15, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 289
www.diti.gov.mk

Во однос на наводот дека плановите се изготвуваат без соодветна проценка на ризик при планирање на инспецикиот надзор, ДИЕРМС има изготвено методологија за проценка на ризик при планирање на инспецикиот надзор и за истото во делот на експлоатација на минерални суровини имаме изготвено табела која ги вклучува соодветните ризици кои се наведени во методологијата и доделено соодветно бодови за сите субјекти кои имаат склучено договори за концесија за експлоатација на минерални суровини. Месечните планови и годишната програма се изработуваат во согласност со правилникот за изработка на месечни планови и годишна програма донесен од страна на Инспецикиот совет. Во секторот за експлоатација на минерални суровини и детални геолошки истражувања при изработката на годишната програма и месечните планови за работа редовно се планира инспекциски надзор над СЕКОЈ КОНЦЕСИОНЕР ОДДЕЛНО (предвидено во член 107 од Законот за минерлни суровини) секоја година. Согласно со предвиденото во методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзор инспекциски надзор кај субјектие кои се од наша надлежност треба да се планира најмалку еднаш во една година кај субјектите со висок ризик, најмалку 1 во две години кај субјектите со среден ризик и најмаку 1 во три години кај субјектите со низок ризик. Со самото тоа што во изработените месечни планови и годишна програма е предвидено вршење на инпекциски надзор еднаш годишно кај секој концесионер е опфатено предвиденото во методологијата за проценка на ризик при планирање на инспецики надзор. Во исклучителни случаеви кога поради малиот број на вработени и поради пристигнатите претставки и барања за вонреден инспекциски надзор не сме во можност да го исполниме планот за работа, редовно и задолжително субјектите кај кои не е извршен инспекциски надзор во текот на годината (а ова се однесува на субјекти најчесто од низок ризик ко подлежат на инспекциски надзор најмалку еднаш во 3 години) се планира во почетните месеци од наредната година, така да предвиденото во Методологијата за проценка на ризик се исполнува во целост, т.е. планирањето на инспекциските надори ги задоволува сите услови кои се предвидени во методологијата.

- <u>Во однос на наводот од точка 3.2.2.</u>

Наводот дека се извршени само 44 контролни инспекциски за периодот од 2020-2023 во целост не е точен тоа уште повеќе што и во ревизорскиот извештај од 2024 година од Државниот завод за ревизија е констатирано дека имаме извршено 86 контролни инспекциски надзори, на следната слика е дадено извадок од ревизискиот извештај од 2024 година.



Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Државен инспекторат за енергетика.

Ул. Јуриј Гагарин Бр.15, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3118 289
www.diti.gov.mk

**Нацрт извештај од ревизија на успешност – "Ефикасност на постапките за доделување на правото за вршење на експлоатација на минерални суровини и реализација на склучените договори, со посебен осврт на мермерот"**

372 надзори во 2022 година. Структурата на инспекцискиот надзор по видови е прикажана во следниот графички приказ;

**Графикон бр. 11** – Вкупен број на извршени инспекциски надзори над експлоатација на минерални суровини по видови




Согласно податоците за извршени инспекциски надзори на ДИТИ, констатиравме дека најголем број на инспекциски надзори се извршуваат преку редовното планирање на инспекциските надзори, со помала застапеност на контролните и вонредните инспекциски надзори.

Дополнително на констатираното во ревизискиот извештај од 2024 година и по препорака од извештајот се направени контролни инспекциски надзори кај субјектите кај кои не беа извршени контролни инспекциски надзори. Разликата која се јавува во издадените решенија и контролните инспекциски надзори се однесува на тоа што согласно со задолжувањето по решението субјектот ја доставил бараната документација, елаборат, извештај, технички преглед и сл. по пошта а со што и недостатокот од решението е отстранет па самата констатација записнички повлекува и време и средства кои ќе бидат потрошени без потребно имајќи во предвид дека со самиот прием на бараната документација се гледа дека недостатокот е отстрнет. Сите предмети од инспецики надзор кои содржат решенија и записници од контролни инспекциски надзори се наоѓаат во архивата на ДИЕРМС, а на ревизорите им беа доставени оние предмети кои беа побарани од нас.

-Во однос на недоставување на доказ дека редовниот инспекциски надзор се најавува кај субјектот на надзор констатацијата е делумно точна но истата не се спроведува поради тоа што листата за проверка е обемна со повеќе од 60 страни и не сме во можност за реализација на оваа одредба по писмен пат затоа што тоа бара многу ресурси и потврда за добиена чек листа па пота да делуваме, и сето тоа го успорува и усложнува нашето функционирање, поради обемната чек листа за редовен инспецики.

надзор инспецикиот надзор се најавува најчесто телефонски или по е-маил на кој му се испраќа чек листа на службен меил или се насочува субјетот на надзор да ја види чек листата од нашата веб страна diti.gov.mk која е јавно објавена и да се подготви за редовен инспекциски надзор ( поради сето ова гореспоменато, ни беше укажано од страна на инспекциски совет на многубројните обуки и советувања да постапуваме ).

Во однос на наводот дека дел од решенијата се изготвувани после законски утврдениот рок, ви укажување дека секој пат не сме во можност што поради техничка природа и ресурси ( коли , гориво и поправки на возила) и поради болест, спреченост и


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Државен инспекторат за енергетика.
Ул. Јуриј Гагарин Бр.15, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 289
www.diti.gov.mk

поради голем број на преставки, вонредни надзори и итн. во иднина ќе обратиме внимание на оваа забелешка.

-Во однос на доцнењето на контролниот инспекциски надзор Ве известуваме дека дел од инспекциските надори се направено подоцна од предвидениот рок во Решението после забелешките и препораките дадени во ревизискиот извештај од 2024 година со кој сме задолжени да извршиме контролен инспекциски надзор кај субјектите кај кои имаме издадено решние. Во иднина контролните инспекциски надзори ќе се изготвуваат согласно со предвидениот рок.

-Во однос на наводот дека недостасуваат записници од контролни инспекциски надзори, истите не ни биле побарани, доколку биле побарани ќе биле доставени од наша страна.

-Во однос на наводот за регистерот за извршени инспекциски надзори (образец – регистер 6) истиот е пропишан од страна на Инспекцискиот совет и се води во согласност со пропишаното, образецот си го пополнува секој инспектор поединечно и се доставува до Инспекцискиот совет со полугодишниот и годишниот извештај, секое дополнително изменување или дополнување од наша страна ќе биде спротивно на закон и нема да биде прифатен од страна на инспекцискиот совет.

- Во однос на наводот од точка 3.2.3.

Во однос на наводот дека ДИТИ не води евиденција на субјектите кои доставиле геодетски елаборати, самиот по себе наводот е контрадикторен, имено на почеток се наведува дека на ревизијата и се презентирани табели во периодот од 2021 до 2024 година во кои Секторот за минерални суровиниги евидентира сите концесионери кои доставиле геодетски елаборат, за да после се во продолжеток се наведува дека ДИТИ не води евиденција. Понатака согласно со Законот за минерални суровини ДИЕРМС нема ниту обврска да води некаква евиденција за доставени или недоставени геодетски елаборати (ДИЕРМС таква евиденција сепак води), Законот за минерални суровини не предвидува праќање на опомени до субјектите кои не доставиле геодетски елаборати во предвидениот рок туку за истото доколку не е доставен геодетскиот елаборат инспекторот треба да го констатира во записник и за констатацијата да превземе соодветна мерка која предвидува глоба согласно член 124 од ЗМС.

- Во однос на наводот од точка 3.2.4.

Во однос на изготвување и пресметка на плата за вработените на ДИТИ ве известување дека истата ја правеше надворепшно правно лице со дговор спроведен со јавна набавка. И за истото беше и укажано за време на ревизијата и приложени беа документи.


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Државен инспекторат за енергетика,
Ул. Јуриј Гагарин Бр.15, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 289
www.diti.gov.mk

- Во однос на наводот од точка 3.2.5.

Одговор на Нацрт извештајот на овластениот ревизор – точка 3.2.5 на позицијата стоки и услуги за сметката 637

- Во однос на првата точка, која се однесува сервисирање на службените моторни возила, Ве информираме дека Државниот инспекторат за техничка инспекција за секоја поправка на службени моторни возила поседува понуда потпишана и печатирана од страна на сервисерот по прифатената понуда од наша страна се врши сервисирање согласно склучениот договор и сервисерот ни доставува фактура со содветната документација за извршената работа. Од страна на ДИТИ се изготвува Листа за проверка за стоки и услуги каде се потврдува изврштената услуга од економсиот оператор. Врз основа забелешките од нацрт извештајот а во однос на работните налози ви ги доставуваме во прилог на овој извештај.

  Прилог:

  1. фактура бр. 02-2022/23 од 09.08.2023,
  2. фактура бр. 02-2029/23 од 05.09.2023
  3. фактура бр. 02-0238/23 од 12.09.2023
  4. фактура бр. 02-2037/23 од 12.09.2023
  5. фактура бр. 02-2039/23 од 13.09.2023
  6. фактура бр. 02-0308/23 од 22.09.2023
  7. фактура бр. 02-0259/23 од 05.10.2023
  8. фактура бр. 02-0305/23 од 27.11.2023
  9. фактура бр. 02-0201/23 од 09.08.2023

- Во однос на втората точка од Нацрт извештајот, поврзана со одржување на зградата согласно анекс договорот корисникот на услугата се обрврзува плаќањето да ја изврши по доставување на фактурата од страна на екомскиот оператор.
  - Во однос на наводот од точка 3.2.6.

Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини работи како орган во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини согласно со измените на ЗОРОДУ, така да во целост е во склоп на Министерството без својство на правно лице и во однос на препораката која е дадена во ревизискиот извештајот ќе доставиме известување до Министерството за надминување на констатираните забелешки.

- Во однос на наводот од точка 3.2.7 одговорните за Јавни набавки се произнесоа:

- Во однос на првата точка, која се однесува на потпишување на изјави за непостоење судир на интереси од страна на членовите и замениците членови во комисиите за јавни набавки, Ве информираме дека во Државниот инспекторат за техничка



Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Државен инспекторат за енергетика,
Ул. Јуриј Гагарин Бр.15, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 289
www.diti.gov.mk

инспекција не постоело посебно одделение за јавни набавки. Постапките се спроведувале согласно тендерот, а членовите и замениците биле назначувани по случаен избор или кога биле слободни. Во сите постапки за јавни набавки што се спроведени, сите лица кои учествувале во постапките имаат потпишано изјави за непостоење судир на интереси. Замениците членови потпишувале изјави само во случаите кога биле ангажирани поради отсуство на некој од редовните членови.

- Во однос на втората точка од Нацрт извештајот, поврзана со навремено доставување на поедноставено известување за склучен договор и реализиран договор во Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), Ве информираме дека Државниот инспекторат за техничка инспекција во најголем дел од случаите го почитува законскиот рок за објавување на вакви известувања. Сепак, во поединечни случаи, можни се кратки временски одложувања поради технички или административни причини, како што се ограничени човечки ресурси, зголемен обем на работа. И покрај тоа, Државниот инспекторат за техничка инсепкција континуирано работи на подобрување на процесите и навремено ажурирање на податоците во ЕСЈН, со цел целосно усогласување со законските обврски.
- Со оглед на сето погоре наведено, Ве информираме дека поранешниот Државен инспекторат за техничка инспекција, сега Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини, нема статус на правно лице, туку претставува орган во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини. Тоа значи дека административните функции, како што се правните работи, финансиското работење, сметководството и јавните набавки, ги извршува самото Министерство, кое располага со соодветен стручен кадар за навремено и ефикасно извршување на обврските, со цел подобро функционирање на институцијата.

Рак. на одд.Рударско техничка опрема: Лазе Атанасов
Рак. на одд.Лифтови, дигалки и жичари: Горан Митровски
Електроенергетски постројки, производи и уреди и
производи и постројки наменети за работа во експлозивна атмосфера: Виктор Палвловски
Рак. на одд за експлоатација на минерални суровини: Феми Алили
Рак. на одд за садови под притисок
И пренослива опрема под притисок : Ѓорѓи Трајаноски
Рак.на одд за финансии: Арсим Јашари

Директор
Drejtor
Ali Sulimani

Република Северна Македонија Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Energjisë, Minierave dhe Lëndëve të Para Minerale Inspektorati Shtetëror Shkup


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Државен инспекторат за енергетика,
Ул. Јуриј Гагарин Бр.15, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 289
www.diti.gov.mk

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки на Нацрт извештаите за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Државниот инспекторат за техничка инспекција (ДИТИ) на сметките на основен буџет ( 637 ) и (631), од директорот на Државниот инспекторат за техничка инспекција г. Али Сулимани, број 03-100/1 од 02.05.2025 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29-125/6 од 05.05.2025 година.
Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

Сметка на основен буџет (631)

1. Забелешката на состојбата во **точката 3.1.1.** која се однесува на начинот на остварување на приходите од извршен технички преглед при прво ставање во употреба или известување за периодични испитувања на техничката опрема и потврдување на нивната законитост, целосност и комплетност **не се прифаќа.** Во прилог на забелешките не се доставени дополнителни докази со кои ќе се оспори утврдената состојба односно документи кои не се во прилог на предметите од избраниот примерок за кои се издадени решенија, а даденото образложение ревизијата го имаше во предвид во текот на ревизијата.

Сметка на основен буџет (637)

2. Забелешката на состојбата во **точката 3.1.1.** која се однесува на утврдените слабости во начинот на вршење на пописот на средствата, обврските и побарувањата претставува **известување** за настанатите организациски промени во ДИТИ и мерките кои ќе се преземат во идниот период за надминување на утврдената состојба во рамките на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во чиј состав ДИТИ продолжува да работи како Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини од 01.01.2025 година.
3. Забелешката на состојбата во **точката 3.1.2.** која се однесува на неусогласеност на податоците за постојани средства искажани во Билансот на состојба и деловните книги, како и неевидентирани постојани средства претставува **известување** за настанатите организациски промени во ДИТИ и мерките кои ќе се преземат во идниот период за надминување на утврдената состојба во рамките на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.
4. Забелешката на состојбата во **точката 3.2.1.** која се однесува на начинот на избор на субјекти за инспекциски надзор, и примената на Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциските надзори, начинот на евиденција на

извршените контроли и известување на Инспекцискиот совет **делумно се прифаќа** во делот кој се однесува на обезбедена согласност поради дополнително доставено позитивно мислење од Инспекцискиот совет[1] што соодветно ќе биде обелоденето во Конечниот извештај. Даденото образложение за начинот на изработката на годишните планови за работа и избор на субјекти за надзор, ревизијата го имаше во предвид во текот на извршување на ревизијата и за истото не се доставени дополнителни докази за оспорување на утврдената состојба.

5. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.2 алинеи 1, 3, 4, 5 и 6** кои се однесуваат на начинот на вршење на инспекциски надзори од страна на Секторот за надзор над експлоатацијата на минералните суровини и деталните геолошки истражувања и Секторот за надзор на техничката опрема во ДИТИ и тоа:

   - **алинеја 1** која се однесува на работењето на Секторот за надзор над експлоатацијата на минералните суровини и деталните геолошки истражувања од издадени 130 решенија со утврдени неправилности во периодот од 2020 до 2023 година извршил само 44 контролни надзори **не се прифаќа** од причини што информациите кои се изнесени во забелешката ревизијата ги имаше во предвид во текот на ревизијата. Имено во Табела број 1 од Нацрт извештајот се презентирани доставените записници за извршени контролни надзори по издадени Решенија. Во доставените забелешки наведено е дека во ревизорскиот извештај од 2024 година е констатирано дека извршени се 86 контролни надзори, што претставуваат податоци кои се однесуваат за друг период. Во прилог на забелешките не се доставени дополнителни докази со кои ќе се промени утврдената состојба;
   - **алинеја 3** која се однесува на недоставување на доказ дека редовниот инспекциски надзор се најавува со доставување на писмено известување до субјектот на инспекциски надзор за времето и обемот на инспекцискиот надзор **не се прифаќа** од причини што не се доставени дополнителни докази, а дадените образложенија ревизијата ги имаше во предвид во текот на ревизијата;
   - **алинеја 4** која се однесува на изготвени опомени после законски утврдениот рок односно решенијата треба да се донесат веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на изготвувањето на записникот преставува **известување** за причините поради кои решенијата не се изготвуваат во законски утврдениот рок;
   - **алинеја 5** која се однесува на извршени контролни надзори по утврдените рокови за отстранување на неправилностите и недостатоците во решението претставува **известување** за мерките кои ќе се преземат во идниот период

---

[1] Заклучок на 183-та седница на Инспекцискиот совет број 10-831/3 од 22.10.2020 година

за надминување на утврдената состојба;

- **алинеја 6** која се однесува на не презентирани контролни записници како доказ дека е извршен инспекциски надзор и на начинот на водење на регистарот на извршени инспекциски надзори (образец – регистар - РЕГ 6) **не се прифаќа**. Имено во предметите кои беа побарани во текот на извршување на ревизија контролните записници недостасуваа, а не се доставени дополнителни докази во прилог на забелешките. Што се однесува за образецот – регистар - РЕГ 6 и за неусогласеност на податоците за бројот на извршени инспекциски надзори евидентирани во регистарот, деловодникот и Полугодишните извештаи за работа на ДИТИ, даденото образложение ревизијата го имаше во предвид во текот на ревизијата.

6. Забелешката на состојбата во **точката 3.2.3.** која се однесува на нецелосна евиденција на субјекти кои не доставиле геодетски елаборати како и преземањето мерки за истото **не се прифаќа**. Даденото образложение ревизијата го имаше во предвид во текот на ревизијата, а не се доставени дополнителни докази за оспорување на утврдената состојба.
7. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.4.** која се однесува на неусогласеност помеѓу бодовите во исплатните листи и податоците внесени во апликативното софтверско решение за пресметка на плата **не се прифаќа** од причина што не се доставени дополнителни докази а доставеното образложение ревизијата го имаше во предвид во текот на ревизијата.
8. Забелешката на состојбата во **точката 3.2.5. алинеја 1 и 2** кои се однесуваат на исплатени расходи кои не се поткрепени со комплетна и веродостојна сметководствена документација и тоа:

   - **алинеја 1** која се однесува на сервисирање на службените возила без приложен работен налог како доказ за реално направените расходи **се прифаќа** поради дополнително доставени работни налози за извршената услуга кои не беа доставени на ревизијата и не беа во прилог на сметководствената документација. Наведеното соодветно ќе биде обелоденето во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор и
   - **алинеја 2** која се однесува на одржување на зградата без приложен работен налог или испратница **не се прифаќа** од причини што не се доставени дополнителни докази со кои ќе се промени утврдената состојба.

9. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.6.** која се однесува на не систематизирана единица за внатрешна ревизија во Правилникот за систематизација на работните места претставува **известување** за настанатите организациски промени во ДИТИ и мерките кои ќе се преземат во идниот период за надминување на утврдената состојба.

10. Забелешката на состојбата во **точката 3.2.7. алинеи 2 и 4** кои се однесуваат на недоследности во начинот на спроведување на постапки за јавни набавки и тоа за:

- **алинеја 2** која се однесува на тоа дека кај повеќето постапки изјавите за непостоење судир на интереси не се потпишани од сите членови и заменици на членовите на комисијата за јавни набавки **не се прифаќа,** од причини што информациите кои се изнесени во забелешката ги имавме во предвид во текот на ревизијата, а состојбата не се однесува за сите постапки и
- **алинеја 4** која се однесува на непочитување на законскиот рок за објава на поедноставеното известување за склучен договор на ЕСЈН **не се прифаќа**, од причини што не се доставени дополнителни докази со кои ќе се промени утврдената состојба.